**З А П И С Н И К**

**од 33 тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 30.05.2024 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 33 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 20 точки, но Претседателот на Советот Владимир Марков предложи дополнување со уште 2 точки,.

1. Предлог – Одлука за прифаќање на донација на движни ствари и давање на трајно користење на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово;

2.Предлог – Одлука за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на локален пат Јосифово – Калково”.

Предлогот за дополнување на 21 и 22 точка беше даден на гласање и истото беше изгласано со едногласно со 14 гласа ЗА.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Валандово;
2. Предлог – Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Валандово;
3. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања;
4. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој;
5. Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за општествени дејности;
6. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 31.03.2024 година;
7. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година;
8. Предлог – Одлука за измена на Деловникот на Советот на Општина Валандово;
9. Предлог – Информација за квалитетот и безбедноста на вода за пиење на територијата на Општина Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 32 рата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

Предлог – Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Валандово – Јулија Тушевска беше ставено на гласање и изгласано едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Пределог Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Валандово за Нада Камчева беше ставено на гласање и изгласано едногласно со 14 гласа ЗА. После ова од страна на Нада Камчева беше дадена и потпишана свечена изјава.

ТОЧКА 3

По Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ рече дека предлог на Комисијата е Нада Камчева.

Предлогот беше ставен на гласање и изгласано едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ рече дека предлог на Комисијата е Анита Коцева..

Предлогот беше ставен на гласање и изгласано едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Решение за констатирање престанок на мандатот и за избирање на член на Комисијата за општествени дејности претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ рече дека предлог на Комисијата е Нада Камчева.

Предлогот беше ставен на гласање и изгласано едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 31.03.2024 година образложение даде Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката бепе ставена на гласање и изгласана со 9 гласа За , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Кварталниот Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година образложение имаше директорот на ЈП Комунален сервис Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека гледајќи го Кварталниот извештај се забележува дека доколку не се 2 000 000 денари од општината, нема минусот на ЈП да биде 180 000 денари туку 2 180 000 денари, и ако секој квартал има загуба од 180 000 денари на крајот на годината загубата ќе биде 7-8 000 000 денари. Го праша директорот што е планирано за наредниот период и

2. Праша до каде е со исплатата на платите на вработените во ЈП Комунален сервис?

Глигорије Џилвиџиев одговори дека голем дел од обврските се исплатени, но разликата е поради покачувањето на минималната плата која два пати се покачува од лани

и исплатата на К-15 исто така. Рече дека доколку сакаме ЈП да биде ликвидно ЈП ќе треба драстично да ги зголеми цените на услугите .Рече дека се должат 2 плати, но и тие во наредниот период ќе бидат исплатени.

Тоше Тодоров повторно се јави и рече дека во приходната страна нема да се реши проблемот со покачувањето на цените на услугите, и нема да се зголеми ликвидноста на ЈП, туку треба да се направи нешто со расходната страна. Дали може нешто да се направи нешто да се заштеди, да се направи некој проект, да се постават сончеви панели, да се намалат трошоците за електрична енергија. Рече дека смета оти ако треба да се земе кредит, да се задолжи, никој не би имал против да се изгради нешто што би ги намалило трошоците во иднина. Рече дека во овој момент го гледаме проблемот само во цените на услугите, а граѓаните не гледаат така.Според нив цените на услугите се високи.

Аспарух Москов се јави за збор.Праша што претставува ставката за јавна чистота бидејќи во Удово ЈП не извршува јавна чистота,бидејќи селото на празникот било неискосено,. Една година водоводот е превземен, обврска беше каптажата да се превземе, а ништо не е чепнато. Рече дека се кажува дека водата е исправна, а тој самиот има дадено на анализа вода и од селска бушотина и од неговата бушотината и девете се неисправни. Се наплаќа канализација една година, а само три пати се има пуштено тракторот. Во повеќе наврати се бара извештај за тоа колку пари се имаат соберено и колку се потрошени за населеното место.Не доставивте расходи и приходи. Има две шахти кои се пониски и моќе да се направи штета, да се скршат возила и кој ќе ја надомести таа штета. Тие шахти да се направат ќе не чини 200 евра, а ако направат штета таа ќе биде 2000 евра.

Глигорије Џилвиџиев одговори дека цената на јавната чистота не е променета со години и тука спаѓа метењето на улиците, а косењето на тревата е во друга ставка во паркови и зеленило, но ЈП неа ја врши бесплатно и не ја наплаќа. Рече дека според нивните анализи водата во Удово е исправна и не знае од каде се овие информации за неисравност на водата.

Аспарух се јави со реплика и рече дека ако јавната чистота не е косење на тревата, тогаш што работат тие двајца вработени, не метат, нека земат две цистерни барем да ги перат улиците.

Градоначалникот зема збор. Рече дека услугите од водоводната сфера ни ги дава ЈП Комунален сервис.Платите се покачени од 3 000 000 на 4 200 000 денари , тршоците за електрична енергија исто така. Рече да се погледне ценовникот на другите населени места и да се види колку плаќаат тие и додаде дека лесно беше кога ЈП го опслужување само градот , но сега се тука сите населени места и ЈП се труди да ги подмири сите трошоци за струја, гориво кои се многу зголемени во овој период.рече дека по завршувањето на изборниот период Општината ќе плаќа месечни ануитети за ЈП да си ја плати електричната енергија а че се корегираат и цените за да се анулита и доцнењето на платите на вработените во ЈП Комунален сервис.

Немаше други пријавено за збор и Кварталниот Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Еден советник , како вработен во ЈП, беше изземен од гласање.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за измена на Деловникот на Советот на Општина Валандово беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката бепе ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Информација за квалитетот и безбедноста на вода за пиење на територијата на Општина Валандово образлоѓение даде градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов.. Рече дека Извештајот е доставено од Агенцијата за храна и ветеринарство  и уште еднаш апелираше да сите населени места со водоснабдувањето да се префрлата преку ЈП Комунален сервис и само тој да управува со водата и да се грижи за нејзината исправност. Рече дека населените места не сакаат да го дадат водоводниот систем кој е изграден од месен самопридонес . Општината гради нов систем во Калково,се правеше бунар  во Брајковци, започната е постапка за нов бунар во Балинци. Рече дека сите системи кои не се под надлежност на ЈП не може да се гарантира за безбедност на водата, а се набавија хлоринаторни пумпи за сите населени места.

Анита Коцева се јави за збор. Рече дека во ООУ ,,Страшо Пинџур,, е изјавено дека водата во Јосифово  не е исправна за пиење веќе подолг период и која е причината што нема вода веќе 5 дена.

Глигорије Џилвиџиев одговори дека  нивните анализи покажуваат дека водата е исправна за пиење, а тоа дека нема вода 5 дена го пренесе дека вода има но е со намален притисок.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ.

Со ова беше иссцрпен дневниот ред  и бидејќи немаше советнички прашања, седницата беше заклучена.

Записничар<br>С.Христова Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков